# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 09 Декември 2021 година Скопје Бр.16 Год. XVI |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за донесување на Детален урбанистички план градска четврт СЗ 13 .....................стр.2
2. Одлука за измена на К2 образец од кварталниот извештај за третиот квартал .................стр.8
3. Одлука за префрлање финансиски средства од сметката Дотации на сметка Основен буџет на општина Ѓорче Петров за 2021 година ..........................................................................стр.11
4. Одлука за измени на распоред на средства (пренамена) на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година ..........................................................................................................стр.13
5. Одлука за доискористување на преостанатите средства од договорот за под-заем бр.МСИП2-29 од Светска Банка за реализација на проектот: "Изградба на атмосферска канализација на ул.Радушка -ТРЕТ дел од ул. 4 Јули - до Гробишта) од км 0+ 242,00 до км. 1+357,00 L=1.115,00m" ..........................................................................................................стр.15
6. Одлука за определување и исплата на надоместокот за извршена работа при подготовка и спроведување на Локалните избори 2021 година .....................................................стр.17
7. Одлука за именување претставници на општина Ѓорче Петровво Училишниот одбор на општинско Основно училиште „Мирче Ацев“ - Скопје ..............................................стр.21
8. Одлука за именување претставници на општина Ѓорче Петровво Училишниот одбор на општинско Основно училиште „Димитар П Г Беровски“ - Скопје .....................................стр.23
9. Одлука за именување претставници на општина Ѓорче Петровво Училишниот одбор на општинско Основно училиште „Страшо Пинџур“ - Скопје ............................................стр.25
10. Одлука за именување претставници на општина Ѓорче Петровво Училишниот одбор на општинско Основно училиште „Тишомир Милошевски“ - Скопје .....................................стр.27
11. Одлука за именување претставници на општина Ѓорче Петровво Училишниот одбор на општинско Основно училиште „Јоаким Крчоски“ - Скопје ..............................................стр.29
12. Одлука за именување претставници во Управниот одбор на ЈОУДГ„РОСИЦА“ Ѓоче Петров Скопје ..........................................................................................................стр.31
13. Одлука за формирање на Совет за социјална заштита на општина Ѓорче Петров ...........стр.33


**Декември 2021 година**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанисрички план градска четврт СЗ 13, општина Ѓорче Петров Скопје**

**Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанисрички план градска четврт СЗ 13, општина Ѓорче Петров Скопје, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата седница на советот, одржана на ден 09.12.2021 година.**

**Број 09-2216/1**
**од 09.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 39 став 1 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М." број 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 16 став 1 точка 14 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советотот на општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на 09.12. 2021 година, донесе**

## О Д Л У К А

**за донесување на Детален урбанистички план градска четврт СЗ 13**
**општина Ѓорче Петров - Скопје**

### Член 1

**Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план градска четврт СЗ 13, општина Ѓорче Петров - Скопје.**

**Деталниот урбанистичкиот план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје (2012-2022), донесен со Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012 година, одредбите од Урбанистички план за градска четврт СЗ 13, Блок СЗ 13.01, Блок СЗ 13.02, Блок СЗ 13.03, Блок СЗ 13.04, Блок СЗ 13.05 (2014-2022), донесени со Одлука бр.07-539/1 од 28.01.2016 година, Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; и 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место и Регулациски план на Генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на Урбанистичко – плански документации и Архитектонско урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура (Службен весник на Р.М. 142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 228/15, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и други важечки прописи и нормативи од областа на урбанистичкото планирање.**

### Член 2

**Просторот за кој се донесува ДУП Градска четврт СЗ 13, општина Ѓорче Петров, Скопје е со површина на планскиот опфат која изнесува 51,71 ha во рамки на следните граници:**

- **На исток границата се протега по осовината на собирна ул. „Сремски Фронт",**
- **На југ границата се протега по осовината на собирна ул. „Ѓорче Петров",**
- **На запад границата се протега по осовината на градска магистрала ул. „Сарај ",**
- **На север границата се протега по осовината на градска магистрала ул.„Црногорска".**

**Член 3**

**Деталниот урбанистички план градска четврт СЗ 13, општина Ѓорче Петров, Скопје, плански период 2017-2022 година, конечен предлог план, со технички број 82/2017 од Септември 2021 година, е изработен од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДОО Скопје, со лиценца за изработување на урбанистички планови бр.0105 со важност до 06.02.2026 година.**

**Деталниот урбанистички план е со следната :**

**Содржина - документациона основа**

**ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**
**ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ........ 4**
**ГРАФИЧКИ ДЕЛ ........ 5**
**ПРИЛОЗИ ........ 5**
**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА ........ 7**
**1. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПФАТОТ, ГРАНИЦИ И ПОВРШИНА ........ 7**
**2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО И НЕГОВАТА ОКОЛИНА ........ 7**
**3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ ........ 9**
**3.1. Географски карактеристики ........ 9**
**3.2. Климатски карактеристики ........ 9**
**3.3. Рељефни карактеристики ........ 10**
**3.4. Хидролошки карактеристики ........ 10**
**3.5. Инженерско – геолошки карактеристики ........ 10**
**3.6. Сеизмички карактеристики ........ 11**
**4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ ........ 11**
**5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА ...13**
**6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ, ГРАДБИОД КУЛТУРНО – ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ И КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ ........ 16**
**7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ........ 16**
**8. АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ........ 16**

9. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ ....................17
11. ДРУГИ ПРИЛОЗИ ......................................................................19
11.1. Пописни листи од извршената инвентаризација на теренот ............................19
11.2. Нумерички податоци за постојна состојба – намена на површини ..................37

**ГРАФИЧКИ ДЕЛ**
**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

1. ИЗВОД ОД ГУП на Град Скопје (2012-2022) .....1:10000
2. ИЗВОД ОД УПЧ Скопје 2014 – 2022 – Блок СЗ 13.01, Блок СЗ 13.02, Блок СЗ 13.03, Блок СЗ 13.04, Блок СЗ 13.05 (2014-2022) .......1:5000
3. ИЗВОД ОД ПОСТОЕН ДУП .................................1:1000
4. ИЗВОД ОД СОСЕДНИ ДУПОВИ ...........................1:1000
5. ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ ..............................1:1000
6. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА .............1:1000
7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ЗЕЛЕНИЛО .................1:1000
8. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ............................................................. 1:1000
9. ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ ....................................1:50000

**ПРИЛОЗИ**

1. ИЗВОД ОД ГУП
2. ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ

**Содржина – Урбанистичко планска документација**
**ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ...................................................................4
ГРАФИЧКИ ДЕЛ ........................................................................6
ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ...........................................................................8
1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД, ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ОПШТИНА НА КОЈА ПРИПАЃА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ......................8
2. МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ...................9
3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ .........................................................................9
4. ПЛАНСКА ПРОГРАМА .......................................10

5.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ..................11
5.1. Единици на градежно земјиште .....................12
5.2. Класа на намени ..........................................12
5.3. Демографска анализа ................................13
5.4. Сообраќајно решение ...............................14
5.5. Нивелманско решение ...............................16
5.6. Електро - енергетика и ПТТ инсталации ...........16
5.7. Хидротехничка инфраструктура .......................19
6. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА НАЧИНОТ, ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА ФИНАНСИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ..................21

УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА ....................................................................................23
1.ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ...23
2.ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ .....................................................31

ГРАДСКА ЧЕТВРТ „СЗ 13“ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ .........31
БЛОК 13.01 .........................................................................31
БЛОК 13.02 ...............................................................................................80
БЛОК 13.03 ..................................................................................................173
БЛОК 13.04 ........................................................................................................192
БЛОК 13.05 ........................................................................................................289
7.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА .....................................................370
7.1. Мерки за заштита и спасување .....................................370
7.1.1. Засолнување ........................................................370
7.1.2. Заштита и спасување од поплави ....................371
7.1.3. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи ...371
7.1.4. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ...............................................372
7.1.5. Заштита и спасување од урнатини .........................373
7.1.6. Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи ..............373
7.1.7. Спасување од сообраќајни несреќи ........................374
7.1.8. Евакуација ........................................................374
7.1.9. Згрижување на загрозеното и настраданото население ....374
7.1.10.Радиолошка, хемиска и биолошка заштита ..........374

7.1.11. Прва медицинска помош ........................375
7.1.12. Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло ..................................................375
7.1.13. Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло ..................................................................375
7.1.14. Асанација на теренот ..............................376
7.2. Мерки за заштита на животната средина и природата ............................377
7.3. Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност ...............378
7.4. Заштита на културно наследство .............................378

**НУМЕРИЧКИ ДЕЛ** ..........................................................................................................379
1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ..................................................379
2. БИЛАНСНИ (СПОРЕДБЕНИ ) ПОКАЗАТЕЛИ .....................379
3. ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ................401

**ГРАФИЧКИ ДЕЛ**
**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
1. НАМЕНСКИ ПЛАН .......................................................1:1000
2. РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН .............................................1:1000
3. ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ .....................1:1000
4. СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН ..................1:1000
5. ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН ............................................1:1000
6. ПЛАН НА ЗЕЛЕНИЛО ..................................................1:1000
7. СИНТЕЗЕН ПЛАН ........................................................1:1000

**Член 4**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Ѓорче Петров”.

Број 08-2173/3
од 09.12.2021 година
Скопје

Совет на општина Ѓорче Петров
Претседател,
Ленче Нелоска с.р.

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

## РЕШЕНИЕ

### За објавување на Одлука за измена на К2 образец од извештајот за извршување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за III (Трет) квартал од 2021 година

**Се објавува Одлуката за измена на К2 образец од извештајот за извршување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за III (Трет) квартал од 2021 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата седница на советот, одржана на ден 09.12.2021 година.**

**Број 09-2216/2**
**од 09.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/19 и 5/2021), советот на општина Ѓорче Петров на 3-тата седница одржана на ден 15.11.2021 година, ја донесе следната**

**О Д Л У К А**
**за усвојување за измена на К2 образец од извештајот за извршување**
**на Буџетот на општина Ѓорче Петров**
**за III (Трет) квартал од 2021 година**

**Член 1**

**Советот на општина Ѓорче Петров ја усвои измената на К2 образец од извештајот за извршување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за III (Трет) квартал од 2021 година.**

**Измената на К2 образецот е составен дел од оваа Одлука.**

**Член 2**

**Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-2173/4** — **Совет на општина Ѓорче Петров**
**Од 09.12.2021 година** — **Претседател,**
**Скопје** — **Ленче Нелоска с.р.**

**Образец К2**

**Квартален извештај за достасани ненамирени обврски**

**Општина:** ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

**Квартал:** од 01.01.2021 година до 30.09.2021 година

**Датум на поднесување на извештајот:** 03.12..2021 година

(ден, месец, година)

| Месеци | Обврски до 30 дена | Обврски до 60 дена | Обврски над 60 дена | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | утужени | неутужени | **Вкупно** | |
| јануари | 954,383 | 26,214,180 | | 5,839,594 | **5,839,594** | **33,008,157** |
| февруари | 2,991,187 | 954,383 | | 32,053,774 | **32,053,774** | **35,999,344** |
| март | 5,547,516 | 2,991,187 | | 33,008,157 | **33,008,157** | **41,546,860** |
| април | 3,624,820 | 1,029,814 | | 31,237,066 | **31,237,066** | **35,891,700** |
| мај | 2,760,819 | 3,624,820 | | 32,266,880 | **32,266,880** | **38,652,519** |
| јуни | 9,463,738 | 2,760,819 | | 35,891,700 | **35,891,700** | **48,116,257** |
| јули | 27,490,383 | 6,425,842 | | 14,743,558 | **14,743,558** | **48,659,783** |
| август | 4,105,725 | 27,490,383 | | 21,169,400 | **21,169,400** | **52,765,508** |
| септември | 5,731,057 | 4,105,725 | | 28,474,096 | **28,474,096** | **38,310,878** |
| октомври | | | | | | |
| ноември | | | | | | |
| декември | | | | | | |

**Образложение:**

*(во денари)*

| Расходна ставка | Вкупно обврски |
|---|---|
| 401 | |
| 402 | |
| 403 | |
| 404 | |
| 411 | |
| 412 | |
| 413 | |
| 414 | |
| 420 | |
| 421 | 403,795 |
| 423 | 122,697 |
| 424 | 2,637,297 |
| 425 | 1,087,788 |
| 426 | 200,035 |
| 427 | |
| 451 | |
| 452 | 1,182 |
| 453 | |
| 461 | |
| 462 | |
| 463 | |
| 464 | |
| 465 | |
| 471 | |
| 472 | |
| 473 | |
| 474 | |
| 480 | 444,675 |
| 481 | |
| 482 | 28,137,646 |
| 483 | |
| 484 | |
| 485 | |
| 486 | |
| 487 | |
| 488 | |
| 489 | |
| 491 | |
| 492 | |
| 493 | 5,275,763 |
| **Тотал** | **38,310,878** |

Лице за контакт Советник за координација во Сектор за финансиски прашања
Име и презиме и тел.број: Златко Брњарчевски 078 278 114 ; 2039-307 л.122

Овластено лице (печат и потпис):

________________________________

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за префрлање финансики средства од сметка дотации на сметка основен Буџет на општина Ѓорче Петров за 2021 година**

**Се објавува Одлуката за префрлање финансики средства од сметка дотации на сметка основен Буџет на општина Ѓорче Петров за 2021 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата седница на советот, одржана на ден 09.12.2021 година.**

**Број 09-2216/3**
**од 09.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 2 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 22-а став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19 и 77/21) член 16 став 1 точка 2 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советотот на општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на 09.12. 2021 година, донесе**

**ОДЛУКА**
**За префрлање финансики средства од сметка дотации на сметка основен Буџет на општина Ѓорче Петров за 2021 година**

**Член 1**

**Се врши префрлање на финансиски средства од сметка дотации, Програма В1-детски градинки во износ од 3.730.914,00 денари, на сметка на Основен буџет на општина Ѓорче Петров на приходно конто 741114-пренесен вишок на приходи од минати години, а се распределуваат на расходна страна во програма ВА-капитални расходи за детски градинки на потставка 482920-изградба на други објекти.**

**Член 2**

**Одлуката ќе се објави во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров", а истата стапува во сила по добивање на согласност од Влада на Република Северна Македонија.**

**Број 08-2173/5** **Совет на општина Ѓорче Петров**
**од 09.12.2021 година** **Претседател,**
**Скопје** **Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

## РЕШЕНИЕ
### За објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата (пренамена) на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година

**Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата (пренамена) на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата седница на советот, одржана на ден 09.12.2021 година.**

**Број 09-2216/4**
**од 09.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 28 точка 1 од Законот за финансирање на единици на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19 и 77/21), член 16 став 1 точка 2 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советотот на општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на 09.12. 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на распоредот на средствата (пренамена) на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година, на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Е0 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 401120- основни плати | - 1.000.000,00 | | | | |
| Вкупно (кратење на потставки) | - 1.000.000,00 | | | | |
| **А1 ИЗБОРНИ АКТИВНОСТИ И РЕФЕРЕНДУМИ** | | | | | |
| 464990-други трансфери | +1.000.000,00 | | | | |
| Вкупно(зголемување на потставка) | +1.000.000,00 | | | | |

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година, а се објави во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.

Број 08-2173/6
од 09.12.2021 година
Скопје

Совет на општина Ѓорче Петров
Претседател,
Ленче Нелоска с.р.

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за доискористување на преостанатите средства од договорот за под-заем бр.МСИП2-29 од Светска Банка за реализацијана проектот: "Изградба на атмосферска канализација на ул.Радушка -ТРЕТ дел од ул. 4 Јули - до Гробишта)**

**Се објавува Одлуката за доискористување на преостанатите средства од договорот за под-заем бр.МСИП2-29 од Светска Банка за реализација на проектот: "Изградба на атмосферска канализација на ул.Радушка -ТРЕТ дел од ул. 4 Јули - до Гробишта) од км 0+ 242,00 до км. 1+357,00 L=1.115,00m", што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата седница на советот, одржана на ден 09.12.2021 година.**

**Број 09-2216/5**
**од 09.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 36 точка 10 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М. бр.5/02), член 16 став 1 точка 15 од Статутот на општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/2021), советот на општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на ден 09.12.2021 година , донесе**

**О Д Л У К А**

**за доискористување на преостанатите средства од договорот за под-заем бр.МСИП2-29 од Светска Банка за реализација на проектот: "Изградба на атмосферска канализација на ул.Радушка -ТРЕТ дел од ул. 4 Јули - до Гробишта) од км 0+ 242,00 до км. 1+357,00 L=1.115,00m"**

**Член 1**

**Се одобрува користење на преостанатите неискористени финансиски средства од Договор за под-заем бр.МСИП2-29 склучен помеѓу општина Ѓорче Петров и Министерство за финансии на 12.04.2021година, наменети за реализација на под-проектот "Ре/конструкција на различни улици во урбаните средини на општина Ѓорче Петров".**

**Вкупниот износ на финансиските средства за кои се претпостаувдека ќе останат неискористени од овој под-заем се проценува на износ од 12,905,540.00МКД и истите да бидат искористени за реализација на проектот "Изградба на атмосферска канализација на ул.Радушка -ТРЕТ дел од ул. 4 Јули - до Гробишта) од км 0+ 242,00 до км. 1+357,00 L=1.115,00m".**

**Член 2**

**Вкупна вредност на проектот за "Изградба на атмосферска канализација на ул.Радушка -ТРЕТ дел од ул. 4 Јули - до Гробишта) од км 0+ 242,00 до км. 1+357,00 L=1.115,00m" изнесува 17,162,225.00МКД. Сите средства потребни за реализација на овој проект, покрај износот на неискористените средства, се обезбедени и од буџетот на општина Ѓорче Петров преку Одлука за кофинансирање бр.08-136/7 од 21.09.2021год. на износ од 4,256,685.00 МКД.**

**Член 3**

**Преостанатите не искористени средства и средствата за кофинансирање од општина Ѓорче Петров да се искористат за финансирање на проектот "Изградба на атмосферска канализација на ул.Радушка -ТРЕТ дел од ул. 4 Јули - до Гробишта) од км 0+ 242,00 до км. 1+357,00 / L=1.115,00m" со вкупен износ од 17,162,225.00МКД ( со вклучени 18% ДДВ).**

**Член 4**

**Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Ѓорче Петров".**

**Број 08-2173/7**
**од 09.12.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за определување и исплата на надоместокот за извршена работа при подготовка и спроведување на Локалните избори 2021 година**

**Се објавува Одлуката за определување и исплата на надоместокот за извршена работа при подготовка и спроведување на Локалните избори 2021 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата седница на советот, одржана на ден 09.12.2021 година.**

**Број 09-2216/6**
**од 09.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

